



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ООУ „ВЕРА ЦИРИВИРИ – ТРЕНА“

**По повод одбележувањето на патрониот празник на ООУ „Вера Циривири – Трена“, денот пред викендот беше исполнет со „празнични“ активности. На 51-годишното постоење на истоименото училиште, наставниот кадар заедно со основците организираа пригодна свеченост за големиот празник на училиштето. Пред бистата на патронот Вера Циривири – Трена, беше положено цвеќе од страна на борците во Народноослободителната борба и директорката на училиштето, Снежана Карас. Овогодинешниот ден на училиштето, основците го посветија на спортот, односно на малку подзаборавените игри од детството. Секое одделение имаше своја станица на која учениците преку забава и натпревар го исполнија своето петочно утро. Празничниот ден беше исполнет и со неколку танцови точки, како и училишниот хор и оркестар кој неодамна го освои второто место на регионално ниво. На крајот од свеченоста, следуваше и пригоден коктел за сите вработени од училиштето, а беа доделени и скромни подароци за „јубилејните наставници“ и за оние кои заминаа во заслужена пензија.**



# ПОДГОТВЕНА ЧЕТИРИГОДИШНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Во организација на секторот за развој на општината, во присуство на градоначалникот Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот на општината, Сашо Лазаровски, се одржа работилница за подготовка на Стратегиски план на Општина Карпош. Од 20.05.2015 до 22.05.2015 година, во сончевиот Дојран, се подготвуваше важен документ, односно стратегија која ќе биде предадена на одобрување во Советот на Општина Карпош. На подготовката на Стратегискиот план учествуваа и раководните лица на сектори и одделенија при локалната самоуправа, членови на Советот при Општина Карпош, како и дел од бизнис-секторот и невладини организации.





# НАЈМЛАДИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ – ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ КАКО СЛОЖНО СЕ ДЕЈСТВУВА ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ



„Секој за сите за климатски промени“ е проектот кој Општина Карпош го имплементира во соработка со Здружението на граѓани „Зелена планета 7“ за своите најмлади жители. Урбаната средина подразбира и урбано дејствување, а тоа се учи од најмали години. Така, и учениците од сите основни училишта кои се второ одделение се вистински промотори на веќе стекнатото знаење за тоа што значат климатските промени, озонската дупка и како ние, како граѓани треба да се носиме со овие последици, но и директно да влијаеме. Учениците овие знаења имаа можност да ги стекнат и унапредат во изминатиот период преку работилници организирани во нивните училишта. Секој од нив во соработка со своите наставници, изработуваа мултимедијален производ за позитивните и негативните начини на однесување кон околината и животната средина. Тие заедно го креираа и своето дрво на лични отпечатоци преку кое ќе остават заедничка порака за идните генерации. Евалуациите од работилниците од досегашните обуки покажуваат висок фактор на простор за работа со оваа група на млади во која и во иднина единиците на локалната самоуправа треба внимателно и посветено да работат.

# „ЈАЗИЧНА ДЕТОКСИКАЦИЈА“ ЗА ЗАВРШНА ДРАМСКА ПРЕТСТАВА



**На креативен и симболичен начин, учениците-актери ја презентираа последната драмска претстава за оваа година. На завршната претстава на Школата за актерска игра која постои повеќе години, а е под целосно покровителство на Општина Карпош, учествуваа најдобрите ученици од општината кои се дел од истата. Доајените на македонското глумиште, Димче Мешковски и Снежана Конеска-Руси, со години наназад пронаоѓаат голем број млади и талентирани актери. Под нивна палка, секоја година основците од десетте училишта на територија на општина Карпош, ги претставуваат стекнатите драмски дела кои во текот на една учебна година имаат можност да ги преземат и научат од своите докажани ментори. Овогодинешната претстава беше од едукативен карактер каде на иновативен начин присутните имаа можност да научат и да слушнат како правилно треба да се зборува на македонскиот мајчин јазик. Дипломите за успешно завршена актерска школа ги додели помошник-раководителката на секторот за дејности од јавен интерес, Гордана Стојчевска-Зафировска.**

